# З А П И С Н И К

## од четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

## за 2024 година

Четвртиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 06.03.2024 година во 13:00 часот.

Присутни: Тања Ковачев, Насер Адеми, Ервин Реџепагиќ, Александар Давчевски и Владимир Станивуковиќ.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Директорот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред:

1. Усвојување на дневниот ред за четвртиот состанок за 2024 година на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од третиот состанок на Комисијата на АЕК;
3. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за организирање на Меѓународна регулаторна конференција;
4. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за фишинг кампања и едукација;
5. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за целосен редизајн, надградба на функционалности и превентивно одржување на веб страните на АЕК;
6. Донесување на Одлука за усвојување на ревидирана годишна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2023 година;
7. Донесување на Одлука за усвојување на ревидирана годишна сметка за Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2023 година;
8. Усвојување на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2023 година;

Претседателот на Комисијата на АЕК го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите членови на Комисијата на АЕК се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за четвртиот состанок во 2024 година на Комисијата на АЕК .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанок.

Во врска со точка 3, Комисијата даде согласност за јавна набавка на услуга за организирање на Меѓународа регулаторна конференција.

Во врска со точка 4, Комисијата даде согласност за јавна набавка на услуга за фишинг кампања и едукација.

Во врска со точка 5, Комисијата даде согласност за јавна набавка на услуга за целосен редизајн, надградба на функционалности и превентивно одржување на веб страните на АЕК.

Во врска со точка 6, Комисијата донесе Одлука за усвојување на ревидирана годишната сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2023 година.

Во врска со точка 7, Комисијата ја донесе Одлуката за усвојување на ревидирана годишната сметка за Компензацискиот фонд за универзална услуга за 2023 година.

Во врска со точка број 8, Комисијата го усвои Годишниот извештај за работа на Агенцијата за електронски комуникации во 2023 година и го задолжи Директорот на Агенцијата да го достави до Собранието на Репиблика Северна Македонија на разгледување најдоцна до 31 Март.2024 година, согласно член 11 став 1 и 2 од Законот за електронските комуникации.

Под точка Разно, Комисијата дискутираше и го задолжи Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на следниот состанок на Комисијата да достави Извештај за редовноста на вработените во Агенцијата за електронски комуникации, сметано од 01.01.2023 година, до денот на доставување на Извештајот.

Седницата заврши во 15:00 часот.

Тања Ковачев, претседател___________

Ервин Реџепагиќ, член____________________

Насер Адеми, член_______________________

Александар Давчевски____________________

Владимир Станивуковиќ___________________

Наш број_________________

Скопје 07.03.2024 година